РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-4171/14
18.11.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЗАПИСНИК
од 38. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 12.11.2026 година

Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видеоконференциска врска:

- **Претседател на Советот:** м-р Сашо Стефановски
- **Заменик на претседателот на Советот:** м-р Зирјета Јајага
- **Членови на Советот:** Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, м-р Гордана Мајнова, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /.

Присутни од раководството на Агенцијата преку видеоконференциска врска: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Мухамер Беќири, заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска: м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, Емилија Јаневска, Ивона Муфишева, Маја Дамевска и Сергеј Тодоровски.

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 38. седница на Советот. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 37. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 3.11.2026 година.

2. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево, за прекршување на членот 51 став 1 од ЗААВМУ.

3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево, за прекршување на членот 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.

4. Предлог-одлука за продолжување на дозвола за телевизиско емитување на ТРД Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје.

5. Предлог-одлука за продолжување на дозвола за радиоемитување на ТРД Голди ДООЕЛ Велес.

6. Предлог-одлука за продолжување на дозвола за телевизиско емитување на ТРД ТВ Канал Феста ДООЕЛ Куманово.

7. Предлог-одлука за продолжување на дозвола за радиоемитување на ТРД Радио Пулс ДООЕЛ Кавадарци.

8. Предлог-одлука за продолжување на дозвола за радиоемитување на ТРД Блета ДООЕЛ Тетово.

9. Предлог-одлука за продолжување на дозвола за радиоемитување на ТРД Галакси-2002 ДООЕЛ Кавадарци.

10. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Енџелс ФМ ДООЕЛ Штип.

11. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ДТР Плеј Радио Струга ДООЕЛ.

12. Предлог за отпис од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на застарени обврски на Агенцијата кон доверители/добавувачи.

13. Предлог-одлука за исплата на надоместок за смрт на член на потесно семејство на вработен во Агенцијата.

14. Разно.

Точка 1

Советот го разгледа и едногласно го усвои Предлог-записникот од 37. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 3.11.2026 година.

Точка 2 и 3

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, предложи точките 2 и 3 да бидат образложени заеднички од страна на Емилија Јаневска, раководителката на Секторот за програмски работи, по што Советот одделно ќе дискутира за секоја од нив. Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, го прифати предлогот и ѝ даде збор на Јаневска.

Емилија Јаневска, раководителката на Секторот за програмски работи, информираше дека двете прекршувања кај ТВ Гурра биле констатирани при редовниот надзор спроведен во септември 2026 година. Појасни дека разгледувањето на извештаите на седница било одложено поради неуспешното доставување на барањата за изјаснување по пошта. Имено, двапати била вратена доставницата со образложение дека радиодифузерот не ја примил пратката, по што вработените од Секторот за правни работи и јавни набавки телефонски контактирале со радиодифузерот, при што било потврдено дека радиодифузерот ги примил извештаите по електронска пошта. Во однос на констатираните неправилности, Јаневска посочи дека станува збор за две прекршувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Првото се однесува на член 51 став 1 од законот, кој ја утврдува обврската на радиодифузерот да обезбеди постојан пристап до основните податоци, односно полното име на радиодифузерот, податоците за лицата за контакт, податоците за контакт со

одговорното лице, како и податоците за надлежното регулаторно тело. Овие податоци треба да се објавуваат еднаш дневно преку кајрон. Второто прекршување се однесува на член 92 ставови 1 и 3 од законот, односно на обврската за емитување најмалку 30% изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, при што најмалку половина од овие дела треба да бидат емитувани во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Кај радиодифузерот било утврдено дека воопшто не емитувал македонски аудиовизуелни дела. За двете прекршувања, се предлага Советот на Агенцијата да донесе одделни решенија со кои на радиодифузерот ќе му бидат изречени мерки јавна опомена, со рок од 20 дена од денот на приемот на решенијата за усогласување со законските обврски. По истекот на рокот, да се изврши контролен надзор за да се утврди дали радиодифузерот постапил по изречените мерки.

Во врска со првото прекршување, претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, побара појаснување дали обврската од член 51 став 1 се однесува на објавување податоци за сопственикот и сопственичката структура на радиодифузерот.

Јаневска појасни дека не станува збор за податоци за сопственичката структура, туку за информации што треба да бидат достапни преку кајрон, како што се полното име на радиодифузерот, податоците за одговорните лица, начинот на контакт со нив, вклучително и телефонскиот број и електронската адреса, како и информации за надлежностите на регулаторното тело. Притоа, нагласи дека оваа обврска е различна од обврската за објавување податоци за сопственичката структура и финансирањето на радиодифузерот.

Гласање по Точка 2

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за редовен административен надзор, бр.10-3506/1 од 25.9.2026 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 1.10.2025 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 3

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3509/1 од 25.9.2026 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен

текст) бр. 01-4241/1 од 1.10.2025 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

Точка 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11

Претседателот на Советот, Сашо Стефановски, предложи предлозите за продолжување на дозволите од точките 4 до 11 да бидат заеднички образложени, а потоа Советот да се произнесе со одделно гласање по секоја од нив.

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека сите точки од 4 до 11 се однесуваат на продолжување на дозволите за телевизиско, односно радиоемитување на наведените радиодифузери. Тој информираше дека кај сите радиодифузери се исполнети законските услови за продолжување на дозволите, односно во периодот од издавањето на дозволите до поднесувањето на барањата не биле констатирани прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на посебните забрани од член 48. Исто така, во периодот за кој им биле издадени дозволите, радиодифузерите известувале избалансирано за време на изборните процеси. Имајќи предвид дека се исполнети законските услови, директорот предложи на сите наведени радиодифузери да им се продолжат дозволите за период од девет години, сметано од 5 јануари 2027 година.

Претседателот Стефановски посочи дека ги разгледал доставените материјали за секој радиодифузер поединечно и констатирал дека е доставена комплетна документација, како и дека се исполнети и останатите технички услови за продолжување на дозволите.

Советникот Петар Џуровски предложи предлозите да бидат усвоени заеднички, доколку тоа е правно издржано, со оглед на тоа што, според образложението на директорот, кај сите радиодифузери се исполнети условите за продолжување на дозволите. Претседателот Стефановски појасни дека за предлозите ќе се гласа одделно.

Гласање по Точка 4

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје, со текст како што е предложена. Дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-1 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 5

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Голди ДООЕЛ Велес, со текст како што е предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Голди ДООЕЛ Велес, Уп1 бр.08-91 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 6

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ Канал Феста ДООЕЛ Куманово, со текст како што е предложена. Дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ Канал Феста ДООЕЛ Куманово, Уп1 бр.08-41 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 7

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Пулс ДООЕЛ Кавадарци, со текст како што е предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Пулс ДООЕЛ Кавадарци, Уп1 бр.08-111 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 8

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Блета ДООЕЛ Тетово, со текст како што е предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Блета ДООЕЛ Тетово, Уп1 бр.08-129 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 9

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Галакси-2002 ДООЕЛ Кавадарци, со текст како што е предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Галакси-2002 ДООЕЛ Кавадарци, Уп1 бр.08-100 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 10

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Енџелс ФМ ДООЕЛ Штип, со текст како што е предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Енџелс ФМ ДООЕЛ Штип, Уп1 бр.08-134 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 11

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Друштвото за телекомуникации и радиодифузија Плеј Радио Струга ДООЕЛ, со текст како што е предложена. Дозволата за радиоемитување на Друштвото за телекомуникации и радиодифузија Плеј Радио Струга ДООЕЛ, Уп1 бр.08-125 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Претседателот Стефановски им посака на радиодифузерите успешна работа и добар сигнал, а на гледачите и слушателите добар прием на програмските сервиси.

Точка 12

Помошник раководител на Сектор за правни работи и јавни набавки, Ивона Муфишева образложи дека во Конечниот ревизорски извештај за извршената ревизија на процесот на евидентирање и пријавување на обврските на Агенцијата за периодот од 1 јануари до 31 декември 2025 година, изготвен од Службата за внатрешна ревизија, е дадена препорака да се достави предлог за отпис на обврските кон добавувачите кои се постари од три години и за кои не е поведена судска постапка за наплата. Во таа насока, Секторот за финансии и логистика доставил предлог во кој се наведени добавувачите и фактурите за кои е потребно да се изврши отпис од сметководствената евиденција, со поединечен приказ на податоците во материјалот. Посочи дека предлогот за отпис на овие обврски бил опфатен и во Конечниот извештај за извршениот попис на предметите, опремата, потрошниот материјал, ситниот инвентар

и обврските на Агенцијата, кој Советот го усвоил на 6. седница, одржана на 5 февруари 2026 година. Дополнително, појасни дека во точката 1 од Одлуката, како и во нејзиното образложение, поединечно се наведени добавувачите, фактурите на кои се однесуваат обврските и соодветните износи. Врз основа на наведеното, предложи Советот на Агенцијата да донесе Одлука за отпис на предметните обврски од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за отпис од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на застарени обврски на Агенцијата, кон следните доверители/добавувачи: Макфакс Скопје, Еуро Линк Скопје, АТВ Медиа Компани Скопје, Перпетум Мобиле Скопје, Мет Промет ДОО Скопје, Техномакс-р Скопје, Т-Мобиле Скопје, Уника АД Скопје, Оне – телекомуникациски услуги Скопје, МИА Скопје и Македонски телеком Скопје.

Отписот на обврските од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе се изврши по донесувањето на Одлуката за отпис.

Точка 13

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека предлог-одлуката се однесува на исплата на паричен надоместок на вработена во Агенцијата поради смртен случај во нејзинотот потесно семејство. Тој посочи дека, согласно законските одредби и колективниот договор, вработената има право на соодветен паричен надоместок, чиј износ и име на корисник се наведени во предлог-одлуката. Поради заштита на личните податоци содржани во одлуката, детали во врска со корисникот на надоместокот не беа дополнително изнесени во дискусијата.

Советот едногласно даде одобрување за исплата на парична помош – надоместок за смрт на член на потесно семејство. Средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

Точка 14 – Разно

Под точка „Разно“ не беа разгледувани дополнителни прашања.

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
претседател на Советот,

м-р Сашо Стефановски